# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА
# ЗДРУЖЕНИЕ ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

**Визија на ХОПС:** **Општество во кое на сите луѓе подеднакво им се почитуваат човековите права и слободи и уживаат социјална, здравствена и економска благосостојба.**

**Мисија на ХОПС:** **Промоција, почитување и заштита на човековите права и слободи заради унапредување на здавјето и социоекономскиот статус на сите луѓе, а особено на корисниците на droги, сексуалните работници и други маргинализирани заедници базирано на принципите за намалување на штети, преку еднаков пристап до сервиси и услуги, зајакнување на заедницата, подигнување на капацитети, истражувања, анализи и застапување.**

**Маргинализирани заедници и засегнати страни со кои работи ХОПС**

Во своето делување ХОПС првенствено своите активности ги спроведува со цел подобрување на статусот на луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници, како и на сите останати маргинализирани групи во општеството и во тој контекст сите тие се директни корисници или целни групи во работењето на здружението.

ХОПС се стреми визијата и мисијата да ги оствари преку директна работа со корисниците на услугите (сервиси), застапување за промени на политики и пракси, анализи и истражувања, и медиумска застапеност и видливост на организацијата. Овој извештај ги содржи достигнувањата и предизвиците во 2021 година.
Во 2021 година ХОПС повторно како голем предизвик го имаше справувањето со пандемијата, со тоа што во оваа 2021 година веќе сите сервиси и предвидени активности се одвиваа континуирано и без особено пролонгирање и проблеми.
Меѓутоа, обезбедувањето на финансиска оддржливост беше главниот предизвик во изминатата година.

Програмата за заштита на населението од ХИВ не се скрати, односно остана со истите средства како и претходната година, меѓутоа ако се има предвид дека една од главните последици на светската Ковид пандемија е зголемувањето на цените на медицисnките материјали неопходни за извршувањето на активностите од оваа програма, тогаш може да се смета дека де факто сепак имаме недоволно средства неопходни за спроведување на превентивните активности. Затоа, ХОПС заедно со партнерите од Платформата за обезбедување на одржливост на сервисите за превенција на ХИВ за клучни популации, продолжи со континуирано застапување Министерството за здравство и Владата да ги зголемат средствата во буџетот за Програмата за заштита на насилението од ХИВ за следната 2022 година.

Поради реструктурирање на Фондацијата Отворено Општество на централно и глобално ниво, уште кон крајот на 2020 година добивме насоки од локалната фондација дека е неопходно да ги репрограмираме буџетот од инситуционаниот

грант, со кој меѓу другото обезбедувавме одржливост и на сервисите, особено на правниот и психолошко-психијатрискиот сервис, така што ќе обезбедиме средства за хонорари и други неопходни трошоци за функционирање на сервисите во првите три месеци од 2021 година. Поради оваа ситуација, при репрограмирањето но и аплицирањето на новиот инситутционален грант за кој добивме известување дека ќе биде финален, моравме да скратиме значителен дел од активностите, особено активностите на терен со деца кои употребуваат дроги и нивните семејства, како и укинување на параправниците, иако во градењето на нивните капацицтети беше вложувано повеќе од 5 години. Ова значително негативно се одрази на и така ослабената поради ковид зедница на сексуални работници, но ХОПС, со аплицирање на други повици нарави напори барем дел од параправнците од двете заедници да ги задржи во организацијата.

Исто така, особено негативно на функционирањето на воспоставените сервиси за рехабилитација и ресоцијализација се одрази и кратењето на буџетот за поддршка на Центарот за рехабилитација и ресоцијалнизација на луѓе кои употребуваат дроги од страна на Градот Скопје. Имено, после двомесечно доцнење, Градот Скопје ја спроведе постапката за избор на граѓански организации кои даваат вакви услуги и иако повикот беше распишан на за 1.500.000 денари, на кој износ го поднесовме барањето за финансирање, сепак, на крај ни беа доделени само 800.000 денари, со образложение дека поради ковид панедемијата Градот немал повеќе средства за финансирање на сервисите. Со оглед на тоа дека станува збор за сервиси чиј континуитет е неопходен и мора да се одржи, ваквото ненајавено намалување претставуваше апсолутно неприфатлив потег од страна на владеачката структура во Градот. ХОПС реагираше директно пред Градоначалникот, но за жал го добивме истото образложение и барање за разбирање на ситуацијата. Континуитетот на услугите во Центарот за рехабилитација и ресоцијализација за 5 месеци во 2021 година, беше овозможен од грантот за институционална поддршка од ФООМ.
Исто така, на јавно објавениот повик од Општина Центар, аплициравме за кофинансирање на активностите во Центарот за рехабилитација и ресоцијализација со буџет од 350.000 денари, но ни беа одобрени само 30.000 денари.

Меѓутоа, исто така, после неколкугодишно интензивно застапување во Министерството за здравство, за прав пат во декември 2021 година, во проектираниот буџет за следната 2022 година се обезбеди зголемување на финансиите за реализација на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ и тоа од 89 милиони денари на 125 милиони денари, од кои требаше да се обезбедат минимум 10% зголемување на средствата наменети за превентивните програми кои ги спроведуваат граѓанските организации, како и повеќе средства за ХИВ тестови, АРВ терапија и ПрЕП терапија.

Во текот на 2021 година тимовите од Центарот за рехабилитација и ресоцијализација и Центарот за поддршка на сексуалните работници и нивните семејства посветено работеа на обезбедување на нови простории за работа, кои ќе ги исполнат условите пропишани со правилникот за давање на социјални услуги, што пред крајот на 2021 година конечно успеаа да го остварат и да се најдат два простори кои одговраат за потребите на овие два центри за да може во следната 2022 година конечно да се лиценцираат за давање на социјални услуги да се користат финансии и од тие програми на МТСП.

И покрај сите овие здравствени и финансиски предизвици, тимовите на ХОПС посветено продолжија да работат на исполнување на мисијата и визијата на органзацијата и успешно ги оствариja зададените цели од годишната програма за 2021 година. Цела изминатa година, ХОПС преземаше мерки и активности со цел првенција од Ковид помеѓу корисниците на услуги, обезбедувајќи заштитна опрема како маски и средства за дезинфекција, но и активности за подигнување на свеста помеѓу клучните популации со цел поголема имунизација и со тоа заштита од овој вирус.

**Програмски реултати за 2021 година**

Работата на ХОПС е организирана во неколку програмски целини и тоа: Преку Програмската целина Сервиси се овозможува сеопфатни и интегрирани услуги на крајните корисници (луѓе кои употребуваат droги и сексуални работници, деца во ризик и нивните семејства) со цел унапредување на нивната здравствена и социо-економска состојба, како и заштита на нивните права, со посебен фокус на здравствените, социо-економски права, заштита од дискриминација, тортура, и родово базирано насилство, од страна на обучени и сензибилизрани професионалци со долгогодишно искуство и знаење во областа, како и обучени лица од заедниците. Програмската целина ЦЕДИ овозможува поддршка во функционирање на останатите програмски целини преку прибирање и анализа на податоци и документирања кои ќе даваат ажурен преглед на состојбата и потребите кај целните групи/корисниците, како и преку изработка на документи, студии, извештаи и предлози за подобрување на постоечките и/или за воведување на нови политики од важност за корисниците. Преку оваа програмска целина се овозможува едукација на претставници на институции, студенти, новинари, други здруженија и персоналот на организацијата со цел зголемување на нивните знаења, но и јакнење на нивните вештини за работа со корисниците. Програмата се реализира преку три посебни програмски аспекти:едукација, документирање и истражување. Преку програмската целина Застапување се преземаат активности за застапување за промена на политики, легислатива и пракса поврзани со политиката на дроги и регулирањето на сексуалната работа, а крајна цел е воспоставување на модели на декриминалзиација на употребата на дроги и декриминалзиација на сексуалната работа, преку кои системски ќе се унапредат почитувањето на човековите права, здравствена, социјална и економска добросостојба, застапеноста на заедиците во креирањето на политиките и носењето на одлуки, носење и спроведување на национални и локални политики базирани на докази и човекови права и обезбедување на одржливо домашно финансирање на сервиси потребни за заедниците.

**I) Сервиси за корисниците на услуги на ХОПС**

Оваа програмска целина во 2021 година се реализираше преку директната работа со корисниците на терен и во центрите на ХОПС кои се лоцирани во областите Кисела Вода, Шуто Оризари, Гази Баба и Центар, на територијата на Град Скопје. И покрај продолженото траење на пандемијата со ковид вирусот, како и економската криза, сервисите на ХОПС останаа континуирано достапни и пристапни за луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници во текот на целата година и беа реализирани предвидените активности со Годишната програма за 2021 и со тоа беа постигнати предвидените цели во програмата.

Тимовите на ХОПС во кои работат искусни професионалци, продолжија професионално и одговорно да ги обезбедуваат сите неопходно услуги, почитувајќи ги при тоа организациските протоколи и мерките за заштита препорачани од Влада за заштита од Ковид. Со задоволство може да се каже дека ангажираните лица во ХОПС, најодговорно ги почитуваа сите овие правила, со што се заштитија не само себе и своите најблиски соработници, туку и директните корисници на услуги, и ниту во еден момент поради големиот број на ковид позитивни во државава, функционирањето на тимовите и редовното давање на услугите не беше доведено во прашање.

***Главни цели за оваа програмска целина предвидени со годишната програма за 2021 година:***

1. Превенција на ХИВ и други по крвен и сексуален пат преносливи инфекции, туберкулоза и лекување на зависности од droги преку обезбедување здравствена и психосоцијална поддршка на ЛКУД вклучително и деца кои употребуваат дроги и СР и нивните семејства.
2. Рехабилитација и ресоцијализација на ЛКУД и нивните семејства преку обезбедување на психолошка и психијатриска поддршка, како и работилници за креативно изразување
3. Социјална интеграција на ЛКУД и СР и нивните семејства во општеството преку овозможување на социјална и економска поддршка.
4. Заштита на човековите права на ЛКУД и СР со посебен фокус за заштита на здравствени, социјални и економски права, заштита од дискриминација и родово базирано насилство преку обезбедување на правна поддршка.
5. Зајакнати заедници на ЛКУД и СР за застапување за сопствените интереси и права.
6. Превенција од Ковид-19 вирусот и намалување на последиците од истиот*
7. Развивање на економски активности на ХОПИ МОдулар

***Резултати во програмска целина Сервиси за корисниците на услугите на ХОПС во 2021 година:***

**1.Превенција на ХИВ и други по крвен и сексуален пат преносливи инфекции, туберкулоза и лекување на зависности од дроги преку обезбедување здравствена и психосоцијална поддршка на ЛКУД и СР**

**1.1 Здравствена и психосоцијална поддршка на ЛКУД**

Во 2021 година контактирани се вкупно 670 луѓе кои употребуваат дроги (ЛКУД). Од нив, 635 се луѓе кои инјектираат дроги, а останатите дрогата ја употребуваат на друг начин. Преку активностите за превеницija на ХИВ помеѓу луѓе кои инјектираат дроги, дистрибуирани се 173310 игли и 57203 шрица, и собрани 275 кг употребени игли и шприцеви. Со дистрибуција на кондоми, лубриканти и печатени материјали опфатени се сите ЛКУД и дистрибуирани 12588 кондоми, 11294 печатени материјали и 11298 лубриканти. Направени се и 136 советувања и тестирања за ХИВ. Овие активности се спроведуваа во дроп ин центриот во Кисела Вода и преку теренски активности кои ја покриваат територијата на Град Скопје.
Преку медицинскиот сервис контактирани се 384 сексуално преносливи инфекции, сексуално и репродуктивно здравје итн. Дадени се вкупни 5209 услуги. Медицинските лице посочуваат дека поголем број од ЛКУД кои го посетуваат сервисот се долгогодишни корисници на дроги,

имаат и други здравствени проблеми, па третманот на рани трае долго, а многу често се препраќаат и медицински установи за понатамошен третман.
Во текот на цела 2021 година социјалните работници и медицински лица во континуитет даваа **информации за моделите на третман** кои ги има кај нас, ги мотивираат за започнување со третман или стабилно да се одржуваат на терапијата. Информации и советувања за лекување од зависности од дроги се дадени на 191 клиент и вкупно дадени 812 услуги. Во 2021 година и покрај пандемијата со КОВИД - 19, центрите за супститутска терапија беа отворени за нови приеми.

И понатаму огромен проблем поврзан со третман на зависност од дроги е тоа што во моментот во Македонија се достапни само супституциски третамни за зависност предизвикана од опојни дроги, додека не се достапни односно не постојат програми за третман на зависност од сите други видови дроги (стимуланси, канабис, синтетички и други видови дроги).

ХОПС повеќе од 10 години работи на поддршка и помош на децата кои употребуваат психоактивни супстанци и нивни семејства. Во 2021 година тимовите на ХОПС контактирале **35 деца кои употребуваат дроги** (19 машки и 16 женски).

Годинава, и во услови на пандемија со КОВИД – 19, Универзитетските клиники за токсикологија и психијатрија примаа деца кои употребуваат дроги на лекување. Главните проблеми со кои се соочуваат децата и родителите се правење на сите потребни прегледи кои се на различни клиники (пример, за лекување на токсикологија потребно е да се направат прегледи и на психијатрија, радиологија, гинекологија) и КОВИД тест. За децата и родителите дополнителните прегледи на различни клиники се проблем, особено заради опаѓањето на мотивацијата кај децата од препраќање и чекање по клиниките. Друг проблем со кој се соочуваат е доколку започнат со супститутска терапија, треба секојдневно да се оди по терапијата првиот месец, а потоа лекарот ја дава на неделно ниво, зависно од процената. Сето ова делува демотивирачки што доведува до откажување од лекувањето и започнување на повторна употреба на дроги. Поради светската пандемија со ковид-19, посебната Програма за лекување на деца и млади, која иако е изготвена од работната група уште во април 2019 година сеуште не е усвоена од Владата на РСМ. Теренскиот тим за поддршка на деца кои употребуваат психоактивни супстанци и нивни семејства во текот на 2021 година дал 20 информации и консултации за добивање на документи на 7 деца и нивни семејства, 71 информација за здравствено осигурување и заштита, дадени и 563 информации за лекување на зависности на 34 деца и нивни семејства.

## 1.2 Здравствена и психосоцијална поддршка на СР

Во текот на 2021 година на вкупно 217 различни сексуални работници, од кои 34 контактирани за прв пат им беа дистирбуирани 32004 кондоми, 6392 лубриканти во дневниот центар за поддршка на сексуалните работници и преку теренски активности. Исто така им беа поделени 3924 печатени информативно-едукативни материјали со содржини поврзани со ХИВ превенција, превенција од други крвно и сексуално преносливи болести, заштита на човековите права и сл.

Во 2021 година со советување и тестирање за ХИВ беа опфатени 104 луѓе кои употребуваат дроги и 46 сексуални работници. **Советувањето и тестирањето за ХИВ** се правени со теренско комбе, и истото го спроведуваа обучени советувачи и лаборанти..

Во 2021 година едукациите на различни теми беа откажани заради пандемијата со КОВИД – 19 и препораките од Владата на РСМ, меѓутоа тимовите континуирано 8ги контактираа корисниците и правеа индивидуални советувања и споделуваа релевантни информации на темите од интерес за корисниците на сервисите.

Во периодот од јануари до март 2021 година **психолошкиот сервис** се одвиваше континуирано, со присуство на психологот од два пати неделно (вторник и петок) во Дневниот центар за поддршка на сексуални работници и нивните семејства. Со прогласување на вонредната состојба, услугите на психологот се модифицираа почитувајќи ги мерките за заштита од вирусот. Во периодот од март до декември
2020 година најголемиот број на услуги психологот ги реализира телефонски. Психологот беше во постојан контакт со клиентите и на тој начин овозможи психолошка поддршка на сексуалните работници и нивните семејства во време на пандемија. Во месец јули одржа и онлајн работилници со СР од затворена сцена на тема „Ментално здравје за време на пандемија". Врз основа на потребите на СР и проценката на психологот и во модифицирани услови на работа се одиваа и индвидуални психотерапии со физички присуство на клиентите, каде беа почитувани мерките за заштита од КОВИД 19. Психологот дал услуги на 50 различни СР, вкупно 304 посети во сервисот и дадени 571 услуга.

**2. Рехабилитација и ресоцијализација на ЛКУД и нивните семејства преку обезбедување на психолошка и психијатриска поддршка, и работилници за креативно изразување**

Во 2021 година дневниот центар за рехабилитација и ресоцијализација на луѓе кои употребуваат дроги и нивни семејства го посетиле Преку **психолошки сервис во 2021 година** контактирани се **77 различни клиенти** (30 женски и 47 машки), дадени се вкупно **543 услуги, и остварени се** и **407** посети во сервисот.

Покрај континуираната посета на центарот од страна на корисниците на дроги, изминатиот период се забележува зачестен интерес на родителите кои сакаат да се вклучат во процесот на рехабилитација и ресоцијализација. Грижата за своите деца и стравот од рецидиви ги мотивира активно да учествуваат со свој адекватен придонес во надминување на состојбата.
Од различните видови супстанци кои се достапни во нашата земја, се забележува значително зголемена употреба на амфетамини, марихуана и кокаин, а се намалува употребата на опијатни дроги. Во третманот задолжително се вклучени услуги од психијатар и психотерапија, како значаен сегмент за целовит пристап во процесот.

Со оглед на пандемијата и променетите услови услови за живот, кај клиентите се забележува зголемена анксиозност и вознемиреност, а со тоа и зголемување на употребата на психоактивни супстанци. Ограничувањата во движењето и притисокот под кој живееме силно влијае на помалку резилиентните клиенти, па оттука имаме примери на рецидиви после долгогодишна апстиненција. Овој тренд за зголемена употреба или повторна употреба (рецидив) е особено забележителна кај клиентите во возрасна група до 30 години.
Соработката на клиентите и нивните семејства е на високо ниво. Редовноста, одговорноста и почитување на условите во Центарот се важни сегменти за негово континуирано и непречено работење.

**3. Социјална интеграција на ЛКУД и СР и нивните семејства во општеството преку овозможување на социјална и економска поддршка.**

**3.1 Социјална и економска поддршка на луѓе кои употребуваат дроги**

Во преиодот на известање преку Програмата за намалување на штети од употреба на дроги контактирани се **670 различни клиенти** (104 женски и 565 машки), од кои **115 (83 машки и 32 женски) нови корисници на дроги**, и вкупна посетеност од 16322 посети. Посетеноста е во сите сервиси: сервис за размена на опрема за инјектирање, медицински, социјален и правен сервис, работилници за креативно изразување, ХИВ советување и тестирање, во два дроп ин центри и на теренски локации во Скопје.

Преку **социјален сервис** контактирани се **384 различни клиенти** (52 женски и 332 машки) и **2015 посети во сервисот**.

Центрите и терените, со сите сервиси кои се нудат функционираат континуирано, и се почитуваат протоколите за заштита од КОВИД – 19, односно во центрите нема задржување на клиенти за неформални средби или разговори, и е задолжително носење маска за сите. Одржувањето на едкуативни работилници, фокус групи, беше отежнато, заради запазување на мерките за превенција од КОВИД, и се поканувaa по помалку ЛКУД.

Проблемите со кои се соочуваат луѓето кои употребуваат дроги, и во услови на пандемија, во најголем број се истите како и претходните години, а некои од проблемите се продлабочија. Проблеми кои повеќе години постојат се излегување од затвор без лични документи, проблеми со оставрување на гарантиран минимален приход (социјална помош по различни основи), здравствено осигурување, сместување на бездомни лица во центри за бездмони лица, дискриминација заради употреба на дроги. Заради пандемијата, оптовареноста на здравствениот систем со КОВИД позитивни пацинети, и секако негово слабо функционирање, пристапот до здравствени услуги на луѓето кои употребуваат дроги е отежнат, а тие не се мотивирани. Социјалните работници постојано комуницираат со правните советнички за остварување на нивните права и постојано ги мотивираат за започнување и истрајност во различни постапки.

Во 2021 година како тренд во Шуто Оризари помеѓу тамошната популација меѓу кои и наши клиенти ЛКУД, е потпишување за подигнување на брзи кредити, односно одобрување само со лични карти, без воопшто да бидат свесни за висината на каматните стапки, навременото исплаќање, како и дека социјалната помош може да им биде укината.
Друг тренд кој е актуелен оваа година е тоа што на многу клиенти им се укинати правото на социјална помош и правото на помош од туѓа нега. Иако кога ги добиваат ваквите решенија, клиентите се мотивирани да поднесат жалби против истите сепак се случува доцна да побарале помош од тимовите на ХОПС и роковите за жалба веќе да им се истечени.Во летните месеци на 2021 година проблем беше закажувањето на термини за вадење на лични карти поради недостиг од материјал за изработка на истите што особено негативно се одрази на ЛКУД кои не можеа да ги остварат своите социјални и здравствени права поради немање на важечка лична карта.

### 3.2 Социјална и економска поддршка на сексуални работници

Со отпочнување на глобалната пандемија сексуалните работници се најдоа во многу неповолна ситуација. Полицискиот час, карантините, затворените кафеани и кафулиња ги оставија сексуалните работници без основни средства за егзистенција.

Социјалните работници постојано ги информираа за мерките донесени од владата, ги мотивираа и даваа поддршка за поднесување барања за остварување на правата од социјална

заштита, добивање лични документи и здравствено осигурување. Во 2021 година контактирани се 163 различни сексуални работници и дадени вкупно 6118 услуги, од нив 278 СР добиле информации и консултации за добивање на документи, 188 сексуални работници за социјална заштита и 213 за здравствено осигурување.

Поради рестриктивните мерки за превенција од Ковид-19 во Дневниот центар од отпочнување на пандемијата не бевме во можност да ги овозможиме сите услуги ( користење туш, стилист, перење алишта бидејќи кај овие услуги посоти ризик од пренесување на вирусот) но беа поделени 152 топли оброци, Пред започнмување на пандемијата 14 сексуални работници повеќе пати ја користеле услугата користење на туш, 9 СР повеќе пати користеле машина за перење.

Во период од јануари до декември 2021 година **теренскиот тим кој работи на затворена сцена**, составен од теренска работничка (гејт кипер) и социјална работничка, реализираа 17 теренски смени на територија на град Скопје. Остварени се контакти со вкупно **29 различни СР од кои 9 се нови.** Поделени се **1226 кондоми, 350 лубриканти и 123 ИЕК материјали.** Покрај дистрибуција на кондоми, лубриканти и ИЕК материјали **на 43 СР дадени им се и социјални услуги од страна на социјалната работничка.** Најчести социјални услуги беа советите поврзани со Ковид19 како и мотивација за вакцинација и упатување во вакцинален пункт како и вадење на лични документи.

Во периодот од јануари до декември 2021 година психолошката поддршка за сексуалните работници беше достапна во месец март и од август до декември, преку користење на онлајн алатки за комуникација. Организирани беа и посети на терен, во домовите на клиентите согласно нивните потреби. Иако најголем број од услугите се дадени преку телефон, во наведениот период се одржуваше континуитет на услугите. Доминантна тема на советувањата во периодот на известување е здравјето, односно здравствени проблеми кај повеќе клиенти, што е поттикнато од долгото присуство на пандемијата со што се зголемуваат хипохондричните тенденции. Освен здравјето, се разговара и теми како што се семејни и партнерски релации, панични напади, организација на време, расположение и сл.

Од страна на психолошкиот сервис во 2021 година дадени се **вкупно 293 услуги на 41 различен сексуален работник (38 жени и 3 мажи) при остварени вкупно 156 контакти.**

## 4. Заштита на човековите права на ЛКУД и СР со посебен фокус за заштита на здравствени, социјални и економски права, заштита од дискриминација и родово базирано насилство преку обезбедување на правна поддршка.

Во 2021 година правниот сервис функционираше во континуитет и без проблем. Работата на правниот сервис беше прилагодена согласно Ковид-19 мерките и препораките и оваа година. Правниот сервис спроведуваше и активности поврзани со родово базираното насилство, сите видови на дискриминација, и прекршување на здравствените и социјални права на ЛКУД и СР. Оваа година правните советнички и адвокатки **овозможиле двојно повеќе услуги** а биле опфатени и речиси двојно повеќе различни клиенти кои употребуваат droги (ЛКУД) споредено со минатата година, документирани се **10 случаи** на повреди на човекови права на луѓето кои

употребуваат droги, од кои **7** случаи на дискриминација, 1 случај на полициска тортура, и 2 случаи на повреда на право на здравствено осигурување и здравствена заштита. Од овие во сите 7 случаи на дискриминација, ЛКУД се охрабриле да пријават дискриминација во вонсудска постапка. Со тоа исполнети се сите поставени индикатори за оваа година.

За цела 2021 година во двата дроп ин центри Дуња и Шуто Оризари, на терен и преку телефон дадени се вкупно **1544 услуги услуги и контактирани се вкупно 140 различни клиенти кои употребуваат дроги (ЛКУД)**. Од нив, **114 клиенти се мажи и 26 клиенти се жени**. Од вкупните клиенти, **45 клиенти се од ромска националност**. Повторно има зголемување на опфатот на жени кои употребуваат дроги во оваа програма во споредба со минатата година. Најголем број услуги се дадени од областа на **управното право (428) па граѓанското (360)** и **семејното право( 296). За разлика од претходните години кога најголем број услуги беа од областа на кривичното право, во 2021 година тука има скоро ист број на дадени услуги како и минатата година (260) од кои 12 услуги се дадени за кривично дело по член 215) што е повеќе во однос на минатата година.** Ваквата слика на правните потреби на ЛКУД во најголема мера се должи на тоа дека оваа година приоритет за ЛКУД имале здравствените и социјални права, поради што најголем број на услуги има од управното право. Исто така забележително е дека многу ЛКУД се соочуваат со присилно извршување преку извршители за долгови поради режиски трошоци и кредитни долгови. Дискриминација заради зависност и нееднаков третман врз основа на здравствена состојба во 2021 година е евидентирана во **7 случаи, во 1 случај** евидентирана е тортура, нехумано и деградирачко постапување и забрана за дискриминација и **2 слуачи** на повреда на право на пристап до здравствено осигурување и здравствена заштита. Во 2021 година правните советнички дале вкупно **29 услуги заради прекршување на човекови права**, а од тие **документирани се вкупно 10 случаи на сериозно прекршување на правата на ЛКУД**.

Во 2021 година во дневниот центар за поддршка на сексуалните работници и нивните семејства, на терен и преку телефон, дадени се вкупно **741 услуги** и контактирани се вкупно **66 различни сексуални работници**. Од нив, **7 клиенти се мажи и 59 клиенти се жени**. Од вкупните клиенти, **44 клиенти се од ромска националност**. Најголем број услуги се дадени од областа на **кривично право (202)** а потоа следат **управното право (199)**, **семејното право( 151)**па **граѓанското (106).** Во Програмата за поддршка на СР во 2021 година правните советнички дале вкупно 28 услуги заради прекршување на човекови права, а во 2 случаи станувало збор за непостапување од страна на полиција кога сексуалните работнички пријавувале физичко и економско насилство. Особено се издвојува случајот кога трансродна сексуална работничка се јавила во полиција да пријави дека клиентот со кој имала договорено цена за нејзината услуга, не сакал да и плати, а полицискиот службеник кој и се јавил, се однесувал деградирачки и понижувачки спрема неа, но исто така и се заканил дека **<u>таа ќе одговара кривично за тоа што дава сексуални услуги, а не нејзиниот клиент</u>.** Ова ја потврдува de facto криминализација на сексуалната работа, а со тоа и дискриминацијата, стигмата и ранливоста од секакви форми на насилство и експлоатација на сексуалните работнички, кое државата преку своите инситтуции го поттикнува со непостапување или со несоодветно постапување.

Документирани се вкупно 10 случаи на **<u>сериозно прекршување на правата на СР</u>** во 2021 година, од кои за дискриминација 6 случаи по основ на родов идентитет, претпоставена нехетеросексуална ориентација, здравствена состојба (употреба на дроги) и занимавање со секусална работа (општествен статус, маргинализирана заедница). Останатите **4 документирани случаи се за семејно насилство каде сексуалните работнички биле жртви**. Од сите документирани случаи, **само две (2) клиентки жртви на семејно насилство се**

**охрабриле да пријават во полициска станица**, со тоа што во едниот случај полициските службеници одбиле да го процесираат случајот како семејно насилство бидејќи немало доволно докази, па по некое време клиентката се вратила кај сопругот. Исто така во еден од случаите за семејно насилство, клиентката во континуитет била малтретирана од партнерот, минатата година прв пат пријавила во ХОПС по што била мотивирана и поднела пријава против насилникот, но во меѓувреме ја повлекла пријавата ( веројатно било за дело кое се гони по предлог) и се вратила кај истиот партнер. Кога оваа година повторно била физиќки нападната од партнерот и избркана од заедничкото живелаиште, истата не била мотивирана да пријави семејно насилство, додека во меѓувреме разбрала дека насилникот нејзе ја пријавил за напад. **Во сите 6 случаи на дискриминација, ниту една жртва не се охрабрила да покрене било каква постапка.**

**Најчесто причините зошто сексуалните работнички не се осмелуваат да пријават односно се откажуваат кога се соочуваат со дискриминација или насилство е поради непостапувањето на надлежните инситуции и органи, или поради деградирачко, стигматизирачко и дискриминирачко постапување и ревиктимизација.**

Во споредба со минатата година, правните советнички дале околу 20% помалку услуги, а исто толку се бележи намалување и на бројот на различни контактирани **сексуални работници (СР).** Всушност се работи за да речеме нормализирање на бројот на правни услуги и контактирани различни клиенти, бидејќи минатата година поради специфичниот начин на работа ( интензивното советување во првите неколку месеци од кризата во 2020 поврзано со ограничувањата воспоставени со мерките и препроаките на влада како и со кривично правната одговорност од непочитување на истите) имаше значително зголемување на бројот на дадени услуги. Сепак, за намалувањето на бројот на услуги делумно придонесе и преселбата на дневниот центар за поддршка на СР од досегашниот во нов побезбеден и поголем простор. Редуцираната посета на стариот дневен центар беше и поради примената на заштитните ковид мерки. Очекуваме во новиот дневен центар кој се наоѓа во населба Пролет, да има многу поголема посетеност од страна на СР бидејќи е многу побезбеден поголем и подостапен за клиентките.

**А) Застапување на стратешки случаи (strategic littigation)**

ХОПС обезбедува **бесплатно застапување во стратешки случаи на кршење на човекови права** на сексуалните работници и луѓето кои употребуваат дроги. Застапувањето е пред судовите во РСМ, но и пред Европскиот суд за човекови права.

Во текот на 2021 година активно се водеа вкупно **6 случаи за стратешко застапување** на луѓе кои употребуваат дроги и сексуални работници. Од овие вкупно 6 активни случаи некои се започнати во претходните години или претходниот период на известување оваа година. До крајот на годината **5 постапки беа завршени или прекинати**, остана **активен само случајот на силување на жена која употребува дроги** за кој беше поднесена кривична пријава во 2009 година, а кој ЈО го „оживеа“ дури после 12 години, односно после протестите за 8ми Март против непостапувањето на надлежните за случаите на Јавна Соба но и други случаи на родово базирано насилство. Овој случај ќе продолжи и во 2022 година. Од завршените случаи, еден е прекинат поради неажурност и неактивност на клиентката ( мајка на која поради дискриминација и стигма и е одземено малолетното дете и сместено во згрижувачко семејство), 2 се завршени со успех за клиентите кои ги застапувавме ( еден случај на судски утврдена дискриминација во работен однос и добиен надомест на штета, а другиот случај по приватна кривична тужба за нанесени телесни повреди на малолетно дете кое употребува

дроги, со вонсудска спогодба обвинетиот призна вина и му исплати надомест на штета и адвокатски трошоци на оштетениот)

**Б) Бесплатна правна помош согласно Закон за БПП**

ХОПС како организација регистрирана за давање на БПП согласно Законот за БПП продолжи со оваа активност и во 2021 година.

Во текот на 2021 година, совет за користење на бесплата правна помош согласно закон, општа правна информација и општ правен совет добиле вкупно **206 клиенти, од кои 140 лица кои употребуваат дроги и 66 сексуални работнички.**

Најголем дел од информациите и советите кои се даваат од примарната бесплатна правна помош се од областа на социјална заштита и тоа за паричните помошти и повремено за права од вонинституционална заштита односно сместување во Центарот за бездомни лица, вкупно **127 совети** за бесплатна правна помош, општа информација и општ правен совет. Од областа на **семејно право**, дадени се вкупно **77 совети** и тоа најчесто за развод на брак, за родителски права и обврски, докажување татковство и вонбрачна заедница со малолетно лице. За **родово-базирано насилство и семејно насилство** дадени се вкупно **70 услуги**.Најголем број совети и информации од **граѓанското право**, се однесуваат на постапката за извршување, надоместок на материјална и нематеријална штета и договори. Во 2021 година, во областа на граѓанското право дадени се вкупно **58 услуги**. Информациите и советите од **Здравствена заштита,** се однесуваат на правото на здравствено осигурување, начините како да се стекнат со ова право, потоа за избор на матичен лекар и потребата од имунизација и ограничувањата кои ги имаа невакцинираните лица во РСМ. Дадени се вкупно **118 совети и информации.** За дискриминација, повреда на човекови права и тортура и нехумано постапување, дадени се вкупно **27** совети.

Меѓутоа, иако корисниците на услуги на ХОПС ( ЛКУД и СР и нивни семејства) се секогаш советувани за можноста за секундарна правна помош, или пак самите се интересирале и прашувале, на крај повторно барале бесплатна правна помош од правниот сервис на ХОПС најчесто поради недоверба во инситутциите и други надворешни правници и адвокати. Тоа се должи на огромна доверба која клиентите во изминатите скоро две децении ја стекнаа во правниот сервис на ХОПС и едноставно не се спремни да соработуваат со непознати правници и особено адвокати. Исто така со тоа како сега е воспоставен системот на БПП во државава, тој не е компатибилен со потребите на нашите клиенти, особено кога станува збор за стратешко застапување, односно клиентите тешко се мотивираат, а за да се добие секундарна БПП некогаш се чека и по повеќе од еден месец, поради што истите губат мотивација за да ги покренат или тераат постапките. Затоа најпристапни им се услугите од правниот сервис на ХОПС каде услугата ја добиваат веднаш без одолговлекување. Исто така повторно ќе напоменеме дека во нашиот правен систем сеуште не се најде адекватно решение за БПП на **ЛКУД од кривчно правната област**.

Во 2021 година **5 лица** кои не се од заедниците на ХОПС побараа бесплатна правна помош согласно закон. На сите им е даден совет за користење на бесплатна правна помош, додека пак општа правна информација и совет, добија за семејна и инвалидска пензија, парични права од социјална заштита, трговско право за затворање на фирма и за семејно насилство. Дадени им се вкупно **33 совети, 5 совети за користење на бесплатна правна помош, 7 совети за семејна и инвалидска пензија, 12 за права од социјална заштита, 2 за затворање на фирма и 7 за семејно насилство.**

## 7. Поддршка, помош и интеграција на деца во ризик

ХОПС од 2012 година овозможува поддршка и помош на деца во ризик со цел нивна социјализација и интеграција во општеството. ХОПС работи со три групи на деца и тоа: деца на корисници на услуги на ХОПС, деца кои употребуваат дроги и деца кои се во социјален ризик вклучително ризик од употреба на дроги и сексуална експлоатација.

Со децата работат педагог, социјален работник, уметник и психолог. Целта на овој сервис е да преку помош во редовното образование, тематски едукации, креативни работилници и психолошки советувања и едукации да им се овозможи на децата да ги надминат менталните, и социјалните проблеми со кои се соочуваат и полесно да се социјализираат и интегрираат во системот со што ќе се избегне ризикот од злоупотреба на дроги на мала возраст, ризикот од сексуална експолатација и трговија со луѓе, како ризикот од евентуален судир со законот. Работата со деца се изведува на терен, односно во домовите на децата или местата каде престојуваат (ако се без постојан дом), во Центарот за рехабилитација и ресоцијализација на ХОПС, во малите групни домови во Скопје и он - лајн со децата во воспитно поправниот дом и малолетничкиот затвор. Едниот сегмент е поддршка на деца кои употребуваат дроги, а другиот вклучува деца чии родителите употребуваат дроги, деца сместени во јавни установи за згрижување деца, и деца на сексуални работници.

**8. Зајакнување на заедниците на ЛКУД и СР за застапување за сопствените интереси и права.**

А)Правно зајакнување на заедниците( параправници)

Во 2021 година преку 4 проекти ( Инситуционална поддршка 2020 продолжување-ФООМ, Правно зајакнување и унапредување на социо-економски и работнички права на ЛКУД и СР во време на пандемија-Ковид, Пристап до сеопфатна грижа за жени кои употребуваат дроги во случаи на насилство-ЕХРА и Правда за најмаргинализираните-ФООМ/ЕУ) беа ангажирани вкупно **9 параправници** од ЛКУД заедницата, од кои **2 жени**. Овие две жени како веќе обучени параправнички беа ангажирани за проектот Пристап до сеопфатна грижа за жени кои употребуваат дроги во случаи на насилство-ЕХРА и работеа и со жени кои употребуваат дроги и жртви на родово базирано насилство. Од вкупниот број параправници, 6 (шест) беа ангажирани за работа на сцената на корисници на стимуланси и психоделици, а 3 (тројца) на опијатната сцена. Поради ограничени средства за жал ангажманот на 2 параправници беше 2 месеци, на 3 параправници беше 8 месеци и на 4 параправниците беше 10 месеци. Во 2022 година повторно ќе ангажираме 4 од веќе обучените параправници бидејќи го добивме вториот ЕИДХР проект Правда за најмаргинализираните кој ќе трае 18 месеци ( цела 2022 и дел од 2023).

Параправниците ангажирани за работа на сцената на корисници на стимуланси и психоделици во првите 6 месеци од 2021 година и покрај сите бариери предизвикани од пандемијата контактирале вкупно **87** ЛКУД кои употребуваат стимулативни ПАС на кои им овозможиле вкупно **383** услуги. Во периодот јули октомври 2021 параправниците контактирале вкупно **82** клиента од кои **35** нови клиенти, и на сите биле дадени вкупно **302** услуги.

Во текот на 2021 година параправниот тим се посвети на градење на довербата на веќе контактираните ЛКУД со тоа што ќе им понуди релеватни информации за штетите од употреба на ПАС, правни информации и детално ќе им ги објасни сите сервиси кои што ги нуди ХОПС : социјален сервис, правен сервис, психолог, психијатар, ХИВ тест со надеж дека ќе започнат редовно да ги користат доколку се појави потреба.

Најмногу параправни услуги односно информации и советувања биле даде во врска со значењето и примената на кривично правните одредби **215 и 216 од КЗ** како и прекршочната одредба **член 20** од ЗППЈРМ. Поголем дел од новоконтактираните клиенти не биле запознаени со законската регулатива и дека самото користењето на ПАС не е кривично дело, туку дека се казнува само недозволената трговија со дроги (член 215) и овозможувањето на употреба на дроги (член 216), но исто мислеле дека било кое поседување на ПАС е кривично дело, иако поседувањето за лична употреба согласно КЗ не е казниво, но во пракса и тоа се криминализира. Исто така сите нови контакти за прв пат добиле информација дека употребата на ПАС на јавно место претставува прекршок против јавен ред и мир ( член 20).

Исто така во овој период параправниците помогнале ЛКУД кои ги контактираат да стекнат доверба и во останатите тимови на ХОПС (правен сервис и особено психо-социјален сервис).
Според укажувањата на клиентите тие се презадоволни од услугите кои што ги добиваат во ХОПС. Најмалку еден клиент има успех во психолошката и психијатриска помош и поддршка што резултира што резултира со напредок и мотив со помош на услугите на ХОПС успешно да се рехабилитира и реинтегрира. Параправниците забележале дека голем дел од сцената не бил запознаен со правата базирани на **родово** насилство. Затоа дел од услугите биле во насока

да ја информираат сцената за овие права. Најголем дел од клиентите го препознавале физичкото и делумно психичкото насилсво не не биле запознаети дека и демнењето се казнува. **Советите за намалување на штети од употреба на ПАС** биле споделувани и во вид на дигитален флаер, преку социјалните медиуми, најчесто преку СИГНАЛ како најсигурна апликација. Овие флаери за канабис, МДМА, кокаин, амфетамин, ЛСД и магични печурки биле изработени заеднички со параправниците како дел од нивнатата едукација и развивање на вештини во доменот на намалување на штети. Им биле споделини и линкови од веб страната на ХОПС како и од други веб страни кои содржат релеватни и точни информации за ПАС. Покрај сите информации кој што ги давеле параправниците тие на клиентите им давале и **кондоми, лубриканти и флаери** со информации за намалување на штети од употреба на ПАС, правни совети, информации за менталното здравје, за сексуално преносливи инфекции и слично. Покрај сето ова параправниците многу често отварале **дебати поврзани со правата на корисниците и актуелните теми**. Помеѓу младите најактуелни теми биле легализацијата и декриминализацијата на канабисот и изработката на новиот закон, како и прашања поврзани за влијанието на вакцината за ковид 19 над ПАС. Дали смее да се користи ПАС кога ќе примиш вакцина? Постојат ли штетни последици? Одговорите биле во насока да се воздржат 48 часа од примањето на вакцината до користењето на ПАС. Оваа информација е добиена во консултација со медицинско лице.Уште една актуелна тема била чистотата на ПАС и можноста за нивна проверка, поготово во период кога и во нашата држава стануваат актуелни нарачките на ПАС преку DARK WEB. Параправниците ги информирале за можноста легално да се нарачаат реагенси за проверка на ПАС преку интернет, како и за тоа каде можеле да го проверат целиот процес на проверка. До некои клиенти испраќале и линкови до адресите каде што ќе можат да видат едукативно видео со детално објаснување на целиот процес за проверка на ПАС. Дел од услугите кои што ги давале параправниците биле поврзани и со ковид 19, конкретно, ги мотивирале клиентите да се имунизираат и ги упатувале до местата каде што се спроведувало вакцинација.

При анализа на информациите кои параправниците ги добиле од своите контакти, се заклучува дека корисниците се целосно или делумно информирани за безбедно користење на психоактивни супстанции (ПАС) како на пример дека треба да користат свој прибор при земање на ПАС или да користат кондоми при сексуален однос, или да не мешаат разни видови на ПАС, но во текот на забавата забораваат на тие превентивни мерки и практикуваат небездено однесување. Исто така многу често користат повеќе различни супстанци, но не знаат како да ја дозираат психоактивната супстанција, не знаат која е нивна оптимална доза, не секогаш знаат точно што содржи супстанцијата која ја консумираат особено оние кои набавуваат ПАС преку интернет каналите (DARKWEB) или од непознати дилери. Исто така под дејство на ПАС стапуваат во интимни односи (хемсекс), што претставува. Сите овие небезбедни однесувања претставуваат ризик од предозирање, проблеми со менталното и соматско здравје, како и ризик од пренесување на ХИВ и други сексуално и крвно преносливи инфекции. Од матичните листи на новите клиенти произлегува дека најкористена супстаниции се кокаинот и канабисот, па потоа амфетаминот и екстази (мдма). Во лето се забележува зголемена употреба на психоделици ( ЛСД и магични печурки ). Исто така поголем дел од ЛКУД кои оваа сцена (стимуланси) не се доволно или правилно информирани за своите права, конкретно кривичните и прекршочни дела. Исто така најголем дел од контактираните клиенти не го знаат својот ХИВ, Хепатитис Ц и Б статус. Поголем дел од корисниците користат кондом при однос со нов сексуален партнер, но не и со постојан партнер.

**Светските трендови кои се однесуваат на зголемување на употребата на стимулативни и психоделеични дроги се пренесуваат и кај нас, така што трендовите се дека се помалку**

**младите употребуваат опијатните дроги, па затоа развивањето и пристапот до оваа сцена е од големо значење.**

Параправниците кои обезбедуваа услуги за корисниците на опијатни дроги ( опијатна сцена) беа ангажирани во период од ноември 2020 година до август 2021 година и во тој период година направиле контакти со 86 нови клиенти кои користат опијатни дроги, од кои 38 се луѓе кои употребуваат дроги со инјектирање. Еден од параправниците контактирал и со 3 сексуални работнички кои ХОПС претходно ги немаше контактирано. Претходно овите тројца параправници (2 мажи и 1 жена) со цел јакнење на нивните капацитети и стекнување со основни информации за работнички права и права од социјална заштита кои би им биле од важност за работата, учествуваа на вкупно шест обуки од кои две со физичко присуство и четири онлајн.

Во 2021 година за жал поради недостаток на финансиски средства, не беа продолжени договорите со параправниците од СР заедницата. Но сепак, преку други проекти и ангажмани продолживме со активности за јакнење на капацитетите на овие параправници особено во насока на нивно јавно претставување и застапување за нивните права.

**9.Превенција од Ковид-19 вирусот и намалување на последиците од истиот***

Преку проектот **Заштита на социо-економски и работнички права и правно зајакнување на СР и ЛКУД во време на пандемија од КОВИД** кој се спроведуваше од јули до декември 2021, се зајакна и подобри соработката со ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа, за остварување право на гарантирана минимална помош, Централен регистар за клиенти кои имаат фирми, со извршител и со Болницата за превенција и третман од зависности со психоактивни супстанци Скопје. Потоа се унапреди соработката со други организации и тоа со СТАР СТАР, Избор-Струмица, Хелп-Гостивар, Опција-Охрид, Мрежа за заштита од дискриминација, како и со ФООМ за дистрибуција на прехрамбени и хигиенски пакети. Соработка со граѓанските организации дел од Скопје и од други градови во Македонија, се состоеше од информирање, советувања, упатување и изготвување на докуемнти на клиентите за остварување на права од пакетите на економски мерки што ги изрече Владата за време на пандемија, права од социјална заштита и дискриминација. Корисниците редовно се информираа за сите тековни мерки кои ги изрекуваше владата за справување со кризата. Се одржаа и онлине обуки како со новите идентификувани параправници така и со веќе постоечките од Програмата за поддршка на сексуалните работници/чки и нивните семејства за да се информираат за сите мерки донесени од владата.

Ново ангажираните правници во периодот од ноември 2020 година заклучно со август 2021 година контактираа 86 нови клиенти, од кои 38 се луѓе кои употребуваат дроги со инјектирање. Додека пак еден од параправниците контактираше и со 3 сексуални работнички.
Во периодот од јули 2020 година заклучно со јуни 2021 година социјалните работнички и правната советничка дале вкупно 1150 услуги поврзани со пакетите на економски мерки што Владата на РС Македонија ги носеше за справување со кризата од КОВИД-19, соци-економски права и работнички права предвидени со мерките за справување асо економската криза предизвиката од пандемијата со Ковид-19.

Во однос на информации за законски и подзаконски новини и измени, мерки и препораки за ублажување на социо-економската криза предизвикана од пандемијата КОВИД-19, социјалните работнички информирале вкупно 410 клиенти, од кои 270 луѓе кои употребуваат дроги и 140 сексуални работници/чки. Овие услуги беа од информативен карактер и за мерките

и за кампањата за имунизација од КОВИД-19. Додека пак во текот на целиот проект дале 849 социјални услуга на 216 различни клиенти, од кои 62 сексуални работнички и 154 луѓе кои употребуваат дроги. Советите се однесуваат на гарантирана минимална помош како една од мерките за справување на кризата за оние кои се дел од неформалната економија, како да го остварат тоа право и кои документи им се потребни, како дел од третиот пакет на економски мерки што ги донесе Владата на РСМ за справување со пандемијата од КОВИД-19. Исто така клиентите се информирани и советувани и за четвртиот пакет на економски мерки, додека пак од месец јануари и за петиот пакет на економски мерки. Потоа за правото на помош и нега од друго лице, гарантирана минимална помош по основ неспособност за работа и семејна пензија.

Покрај тоа ги информираа и им даваа совети и за платените обуки од Агенција за вработување на РС Македонија. И покрај советувањата оваа мерка ја искористи само една сексуална работничка, која се уште нема никаков одговор од АВРМ. Упатена е од социјалната работничка во АВРМ да се информира, каде добила информација дека биле пребукирани и дека понатака ќе ја контактираат.

Исто така, социјалните работнички континуирано ги мотивираа сите клиенти со кои контактираа и ги упатуваат да се пријавуваат во Агенцијата за вработување се со цел да се стекнат со одредени права и користење на можности кои ги нуди агнецијата како (бесплатни и платени обуки) наоѓање работа и слично.

Во овој период, социјалната работничка мотивираше 24 клиенти, луѓето кои употребуваат дроги за вработување и бенефитите што можат да ги добијат доколку стапат во работен однос. За пет од нив изготвила професионална биографија и заедно следеле огласи. Со помош на социјалната работничка нашле отворени работни позиции на кои можат да одговорат со нивната стручност и здравствена состојба. Тројца аплицирале за работните позиции, двајца од нив биле повикани на интервју и стапиле во работен однос. Останатите 21 клиент, не дале повратна информација дека отишле на интервју за работа или дека контактирале со некој од работодавците.

Кога, Владата започна со кампања и препораки за имунизација, клиентите добиваа информации и совети за потребата од вакцинација. Мотивирани се да се вакцинираат и на кој начин можат да го направат тоа, но дел од нив покажаа недоверба и страв од вакцините. Во периодот на известување се вакцинираа најмалку 25 сексуални работнички и 120 луѓе кои употребуваат дроги.

Правната советничка дала 320 услуги на 165 различни клиенти, од кои на 52 сексуални работнички и 113 луѓе кои употребуваат дроги. Услугите се состојат од 241 совети, 31 упатувања, 13 контакти со институција, 11 придружби и 24 изготвени документи. Советите кои ги дале правните советнички исто така се за пакетот економски мерки од Владата за справување со кризата за време на пандемија, за социо-економски права и работнички права предвидени со мерите за справување со економската криза, контактите се со Центар за социјална работа, Извршител и Народен правобранител. Документите кои се изготвени се шест претставки за гарантирана минимална помош, три приговори за економските мерки, од кои два за третиот пакет на мерки а еден за четвртиот пакет на мерки и 14 жалби за прекинати права од социјална заштита – 4 за гарантирана минимална помош и 10 за помош и нега од друго лице и една тужба до Управен суд, против решение од МТСП со кое се отфрла жалба како неоснова против решение за престанок на правото на помош и нега од друго лице.

**10. Економски активности на ХОПИ Модулар**

**Иако економските последици од Ковид пандемијата сеуште многу се чувствуваа на секое поле и неминовно се одразија и на економските активности на ХОПС, сепак со поддршка од одредени донатори дел од планираните активности продолжија да се спроведуваат и во 2021 година. При тоа беа утврдени се соработници и бизнис партнери за изработка на прототип и дефиниран производ,** беше **развиен е дизајн на производи** кој е изработен од страна на дизајнерот член на тимот, започната и **завршена е изработката на прв прототип на голема зелена работна станица**, како и на **мала работна станица оплеменета со зеленило**. беше **направена е анкета која содржи клучни прашања за дефинирање на потенцијални купувачи, платежна моќ на купувачите и нивните потреби за уредување на работен простор**. Во февруари 2022 ќе се спроведе ново истражување за заинтересираноста на купувачите и за нивната куповна моќ. За прв пат се изготви **вебстрана за ХОПИ Модулар** **https://hopimodular.mk**. Изработена е и понуда за клиенти/купувачи која е пратена на повеќе места, фирми и поединци. Значајно е да се истакне дека **реализирана е продажба по нарачка на мало зелено биро, фотелја од картон и 2 лустери.** Сите нарачки се фактурирани со крајот на август 2021, а вкупниот приход од овие производи изнесува 20 700 денари. Средствата од продажбата веќе се потрошени на изработка на веб страна за социјалното претпријатрие и декорирање на штанд за саемот на социјални претпријатија одржан во ноември 2021 во Скопје.

## ЕДУКАЦИЈА, ДОКУМЕНТИРАЊЕ И ИСТРАЖУВАЊЕ

Оваа програмска целина овозможува поддршка во функционирање на Програмата Застапување и Програмата Сервиси преку прибирање и анализа на податоци и документирања кои ќе даваат ажурен преглед на состојбата и потребите кај целните групи/корисниците, како и преку изработка на документи, студии, извештаи и предлози за подобрување на постоечките и/или за воведување на нови политики од важност за корисниците. Исто така оваа програма треба да овозможи едукација на претставници на институции, студенти, новинари, други здруженија и персоналот на организацијата со цел зголемување на нивните знаења, но и јакнење на нивните вештини за работа со корисниците. Програмата се реализира преку три посебни програмски аспекти:едукација, документирање и истражување.

**Целни групи:** ангажирани лица во ХОПС, луѓе од заедниците на ЛКУД и СР, здруженија, фондации, институции и организации.

**Цели на програмата:**

1. Систематизирани податоци за потребите и практиките на маргинализираните заедници и влијанието на постоечките политики и стратегии врз маргинализираните заедници
2. Креирани алатки и препораки за подготовка и спроведување на хумани и ефективни политики, програми и стратегии за областите на делување
3. Зајакнати капацитети на донесувачи на одлуки, професионалци и здруженија во однос на принципите, знаењата и практиките за работа со маргинализирани заедници и промоција на нивните права

**Активности:**

- Постојан мониторинг на сервисите за заедниците, нивниот опфат и соодветност на потребите; достава на податоци за официјална статистика на националните институции и извештаи за меѓународни агенции.(база на податоци на ХОПС)
- Документирање на случаи за повреда на човекови права, родовобазирано насилство и семејно насилство и подготовка на извештаи во сенка.- документирани 20 случаи ( види правен сервис)
- Анализа на улогата на локалната самоуправа во креирањето и спроведувањето на програми поврзани со употребата на дрогите.

- Компаративна анализа за модели на декриминализација на канабис-*не е довршена бидејќи работната група преку која се реализираше оваа активност престана со работа.*
- Градење на капацитети на сервисот за параправна помош меѓу ЛКУД и СР (види зајакнување на капацитети на заедниците)
- Зајакнување на капацитетите на заедницата на сексуални работници за креативен активизам и користење на алатки за комункација со јавност;
- Зајакнување на капацитетите на вработените во јавни установи за згрижувачки семејства.

## ЗАСТАПУВАЊЕ

Покрај предизвиците со кои организацијата се соочуваше и во 2021 година, продолживме со активно застапување за сите прашања од интерес на нашите клиенти и на организацијата. Благодарение на интензивните активности за застапување, во соработка со нашите партнерски организации ХОПС имавме успех во одредени области. И во 2021 година фокусот на застапувањето најмногу беше насочен на обезбедување на одржливост на програмите за намалување на штети и подрршка на сексуалната работа, како и застапување за декриминализација на личната употреба на дрогите, вклучително и канабисот и застапување за декриминализација на сексуалната работа. Покрај овие три главни фокуси за застапување, ХОПС генерално застапуваше за унапредување на правата на СР и ЛКУД вклучително и деца кои употребуваат дроги.

**А) Застапување за обезбедување на одржливост на организацијата и програмите**

**Најзначајно е да се истакне дека оваа година неколкугодишните преговарања и застапување пред Министерството за здравство вродија со плод и во буџетот за 2022 година се обезбеди зголемен фонд за Програмата за превенција за ХИВ од 87,7 милиони денари на дури 125 милиони денари. Од овие средства кај граѓанските организации кои ги спроведуваат активностите помеѓу клучните популации ќе имазголемување од најмалку 10%. Исто така после две години недостаток на средства за програмата за намалување на штети од употреба на дроги и поддршка на сексуалните работници во Тетово, со заедничко застапување со партнерите успеавме да обезбедиме средства за овие две програми во Тетово. Бидејќи согласно правилата на Министерството за здравство, организацијата која претходно ги обезбедуваше овие услуги нема да може да аплицира бидејќи и беше раскинат договорот, со партнерите воспоставивме взаемна согласност доколку не аплицира друга соодветна организација за овие услуги, да аплицираат и овозможувањето на услугите во Тетово да го обезбедат ХОПС за програмата за намалување на штети и СТАР-СТАР за програмата за сексуални работници.** Сепак на 25 октомври добивме потврда од Министерот за здравство дека е обезбедено значително зголемување на Програмата за ХИВ во предлог буџетот за 2022 година . Зголемувањето е од сегашните 87,7 милиони на дури 125 милиони денари за целата програма. Најголем дел од ова зголемување е неопходно за терапија, но сепак во пресметката за 125 милиони е предвидено одредено зголемување и на средствата за превенција. На овој исход претходеше многу работа изминативе месеци (па и цела година). Уште во јуни работевме и со Клиниката за инфективни болести и со Националната комисија да се изработат попрецизни пресметки за тоа колку дополнителни средства ќе бидат неопходни. Истите пресметки и барања беа официјално доставени до Министерството за здравство во јуни и во јули преку платформата за одржливост на ХИВ програмите.

Сепак, и покрај овој успех на крајот од 2021 година, соработката со Министерството за здравство е во критична фаза, бидејќи настана промена на раководните позиции и не можеме да знаеме новото раководство како ќе соработува понатаму. **Голем успех во 2021 година во однос на обезбедување на одржливоста на програмите беше и прифаќањето на нашиот предлог за дополнување на Законот за здравствена заштита од страна на Министерството за здравство, со која законска измена би се обезедила институционализација на програмите за превенција од ХИВ и би се обезбедила финансиска оддржливост која нема да зависи од политичката волја на владеачките гарнитури.** Сепак, за жал повторно кај нас задкулисните политчки игри се одразија на нашата работа и одржливост и иако Предлог Законот за здравствена заштита беше усвоен од Владата на РСМ и поднесен до Собранието, со голем број на амандмани поднесени од пратениците на ПП Левица, гласањето на законот беше блокирано и овој пат. Во меѓувреме, Владата даде оставка, и до крајот на годината не беше ставен ан дневен ред овој закон. Очекуваме во 2022 година повторно да се врати на дневен ред во Собранитето на РСМ.

**Исто така ХОПС цела година во континуирана соработка со Министерството за труд и социјални услуги подговтуваше Програми и други потребни документи како и изнаоѓање и опремување на простории согласно стандардите пропишани од МТСП, со цел да може за почеток да лиценцираме барем две од нашите програми и тоа Програмата за поддршка на сексуални работници и нивните семејства и Програма за рехабилитација и реинтеграција на луѓе кои се соочуваат со зависност од droги.** Во текот на овој период дадовме коментари и препораки за унапредување на Правилниците за стандардизација на вавките програми согласно нашето искуство, за кое наидовме на разбирање од страна на МТСП, и иако во моментов поради политичката систуација не е можно да се менуваат овие подзаконски акти, Комисијата за лиценцирање и надлежните од МТСП рекоа дека ќе го имаат во предвид при одлучувањето за лиценцирање. До крајот на 2021 година Дневниот центар за поддршка на сексуалните работници и нивните семејства беше преселен на нова локација во населба Пролет и опремен согласно бараните стандарди, така што на почетокот на 2022 година веднаш ќе се отпочне постапката за стандардизација и лиценцирање на овој центар. Центарот за рехабилитација и ресоцијализација исто така беше преселен на нова локација која одоговара на пропишаните стандарди и за овој центар исто така ќе се започне постапката за лиценцирање. Кога ќе бидат лиценцирани овие центри дел од средствата потребни за нивно функционирање ќе бидат обезбедни од страна на МТСП преку фактурирање на услугите. Доколку овој систем функционира задоволително за ХОПС, во 2022 година ќе започнеме со постапки за стандардизација и отварање на Центар за поддршка на деца кои се соочуваат со употреба или зависност од дроги и со отварање на стандардициран центар во Општина Шуто Оризари.

**Како проблематично и оваа година останува обезбедувањето на финансиска одржливост на правниот сервис преку обезбедување на БПП согласно Законот за БПП. Во 2021 година од страна на Министерство за правда, беа алоцирани само 1.000.000,00 денари, а една организација можеше да аплицира за максимум 200.000,00 што е премалку за одржување на правен сервис и БПП.** ХОПС и оваа година најголем дел од средствата потребни за обезбедување на бесплатна правна помош за нашите корисници како и за стратешко застапување на случаи ја обезбеди преку ФООМ и ОСФ, а делумно се обезбедија средства од Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година на Владата на РСМ. Исто така обезбедивме средства и од други донатори. Во 2022 година ХОПС заедно со сите организации кои обезбедуваат БПП ќе продолжи да застапува за обезбедување на соодветна финансиска поддршка за овој сервис на национално ниво, но секкао ќе продолжиме да бараме средства и преку аплицирање на разни повици кои се соодветни.

ХОПС во континуитет во 2021 година како и години station наназад спроведуваше на активности за обезбедување средства од акцизи и јавни давачки, но за жал оваа година добивме најконкретен неофицијален одговор од донесувачите на одлуки дека од овие извори да не очекуваме поддршка за програмите за намалување на штети и работа со маргинализирани заедници. Меѓутоа, од друга страна пак, за донесувачите на одлуки беше прифатливо нашето Барање за обезбедување на поддршка за нашите програми од Фондот кој ќе се формира со новиот Закон за контрола на опојни дроги, во кој ќе се генрираат средства од даноците и специјалната давачка кој им се става како обврска на производителите и трговците со канабис. Сепак иако и овој закон беше усвоен од Владата и пуштен во собраницка процедура, повторно поради политички игри пред крајот на годината добивме информација дека истиот е повлечен од собрание и вратен на назад кај надлежното министерство. Пред крајот на годината Владата на РСМ даде оставка, поради што во очекување сме на формирање на нова Влада и согласно тоа ќе застапуваме во Програмата на новата влада да влезе ова наше барање.

Обезбедување на финансии од локалната самоуправа за социјални и здравствени услуги на маргиализираните заедници е исто така значајна активност, поради што ХОПС континуирано застапуваше за унапредување на соработкаста со локалната самоуправа и обезбедување континуирана финансиска поддршка за сервисите. **За жал, како последица на економската криза предизвикана од пандемијата, дел од средствата кои ХОПС ги обезбедува преку Град Скопје беа скратени за речиси 50%.** Сепак ХОПС продлжи со поддршка на ФООМ и преку проекти поддржани од Глобален Фонд и други донатори да спроведува **интензивни активности за обезбедување на сооодветна финансиска поддршка од локалната соработка меѓутоа и сорбатко во насока на заедничко аплицирање до расположиви фондови на ЕУ и други донатори.**

**Б) Декриминализација на личната употреба на droги вклучително и канабисот**

ХОПС продолжи интензивно да застапува за декриминализација на личната употреба на дрогите, вклучително и канабисот и во 2021 година поединечно и во соработка со партнерите особено Коалиција Маргини и Хелсиншки Комитет. ХОПС на покана на Владата на РСМ, со двајца свои претставници зеде учество во Работната група за подготовка на измени и дополнувања на законодавството за декриминализација, легализација и искористување на медицинските, социјалните, и економските придобивки од канабисот. Во мадатот на оваа група беше да се предложат измени во Кривичниот Законик, Законот за контрола на опојни дроги, и други релевантни закони. Работната група се состана неколку пати, а ХОПС и Маргини со својата долгогодишна експертиза дадоа огромен придонес. За жал после летната ферија, оваа работна група не се состана никогаш повеќе, а ХОПС и Маргини беа поканети на состаноци со претставници на извршната власт, со цел изнаоѓањена соосдветни законски предлози. При тоа се работеше на уредување на законските одредби за декриминализација на личната употреба и поседувањето заради лична употреба, како и одредбите поврзани со формирањето на Фондот и намената на средствата од овој фонд за програмите кои работат со маргиналзиирани заедници. ХОПС и Маргини застапуваа од овој Фонд да се обезбеди одржливост и развивање на нови потрбени програми кои се однесуваат на третман на зависности, намалување на штети од употреба на дроги и рехабилитација и реинтеграција на ЛКУД. Ниту како членови на пошироката група ниту како експерти, не ја добивме последната верзија од предлог Законот за контрола на опојни дроги, а кој беше усвоен од Владата и предложен до Собранието на РСМ. До крајот на годината Владата си даде оставка и последна неофицијална информација што ја добивме беше дека овој закон е повлечен од собраниска процедура и повторно вратен за доработка. **Во 2022 година Владата на РСМ ја усвои и Националната стратегија за дроги на Република Северна Македонија** во која влегоа

приоритети кои се однесуваат на потребите на ЛКУД, односно развиање на квалитетни програми за третман од зависности од дроги што ги опфаќаат сите ЛКУД според род, возраст и вид на дрога што ја употребуваат; подобрување одржливоста и квалитетот на ПНШ и зголемување на бројот на даватели на социјални услуги на локално ниво во системот на ресоцијализација, рехабилитација и реинтеграција.

Во декември 2021 година како проектна активност поддржана од Глобален Фонд беше одржан јавен настан за промоција и презентација на новата Национална стратегија за дроги 2021-2025 и Акцискиот план кон истата, помеѓу присутните имаше претставници од релевантни институции како Јавното обвинителство, Министерство за здравство, Институт за јавно здрваје, Медицисnки факултет и сл.

ХОПС заедно со Коалиција Маргини беа повикани преку своите експерти да дадат придонес во работната група при Министерството за правда која работи на Кривичниот Законик и пред која беа образложена потребата и причините да се интервенира во КЗ со цел јасна декриминализација на личната употреба на дроги и поседувањето заради лична употреба. Од повеќето членови на работната група имаше консензус, со што предлог амандманот влезе во Предлог Законот за измена и дополнување на КЗ, кој за жал повеќе од 6 месеци е заглавен во Собранието на РСМ. Предлог измената гласи: ***Член 25 Во член 215 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи: „(6) Нема да се казни тој што поседува наркотични дроги и психотропни супстанции за лична употреба.” Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (7) и (8).***

Сите случувања поврзани со декриминализацијата на дрогите и канабисот го одржаа интересот за ова прашање како кај останатите експерти, професионалци, медиуми и јавноста, така што од тогаш до крај на 2021 година претставници на ХОПС имаа зголемен број на покани за учество во емисии, медиуми по ова прашање, така и интервјуа и одговрања на прашања поставени од печатени или онлајн медиуми. Темата за декриминализација беше актуелна и во списанието „Дроги-политики и практики“. Со истата посветеност ќе продолжиме да работиме и во 2022 година се до конечно постигнување на целта. Исто така во овој период значително ги зајакнавме соработката со партнерските организации но добивме поддршка и од други организации со што се олеснува процесот на застапување.

**В) Декриминализација на сексуалната работа**

Во текот на 2021 година ХОПС заедно со СТАР-СТАР и Коалиција Маргини континуирано продолжија да работат на остварување на целта за воспоставување на модел за декриминалзиација на сексуалната работа во РСМ. И оваа година Платформата за декриминалзиација поднесе Иницијатива за декриминалзиација на сексуалната работа за владината програма за 2022 година. Добивме одговор од Министерство на правда кој упатува на уредување на оваа материја преку материјален закон lex specialis, по што ќе може да следи уредување на одредбите од кривичниот законик со кои од една страна би се декриминализирала секуалната работа, а од друга страна да се криминализираат дејствијата поврзани со злоупотреба, насилство и експлоатација на сексуалните работнички. Во меѓувреме, од поднесување ан Иницијативата, ХОПС во соработка со СТАР-СТАР и Маргини зеде учество во работната група која работи на Кривичниот Законик во делот кој се однесува на одредбите релевантни за декриминализација на сексуалната работа. Мислењето и на оваа група беше речиси идентично како тоа на Министерство за правда, односно дека прво треба да се донесе материјален закон, а потоа да уследи менување на Кривичниот Законик, се со цел да не остане сива зона во оваа и така сензитивна област. ХОПС со СТАР-СТАР и Маргини во 2022 ќе продолжи интензивно да застапува за декриминализација на сексуалната работа. За

Меѓународниот ден на секуалните работници 02 јуни ХОПС одржа прес конференција за медиуми во врска со настанот односно креативен перформанс кој заедно со заедницата на сексуални работници го организираше и беше поставен во Градскиот парк во Скопје, во период од 10-18 часот на 2 јуни. Овој јавен настан предизвика голем интерес кај граѓаните и случајните минувачи кои разговараа со активистите на ХОПС и претставниците на сексуалните работници. Исто така, за прв пат, друг настан освен 17 Декември привлече големо внимание меѓу медиумите и имаше голема посетеност како и задовлително известување, што позитивно резултираше за целата кампања. Исто така за меѓународниот ден за борба против насилство врз сексуалните работници 17 декември ХОПС и Коалиција Маргини го поддржаа Стар-Стар во организацијата за одбележувањето на овој значаен ден за подигање на свеста за заштита од насилство и унапредување на правата на сексуалните работнички.

**Г) Останати активности на застапување**

Во јули 2021 година Владата на РСМ ја усвои Националната стратегија за дроги 2021-2025 и Акцискиот план 2021-2023. Оваа стратегија беше изработена во еден многу транспарентен и инклузивен процес, што резултираше со одличен стратешки документ. Во Декември 2021 година ХОПС заедно со Меѓуресорската Комисја за дроги организираше јавен настан за промоција и презентација на целите, приоритетите и активностите од оваа стратегија и акцискиот план. ХОПС заедно со Комисијата и сите релевантни институции ќе продолжат и понатаму со заедничка соработка, со цел да се имплементираат сите предвидени мерки и активности во стратегијата и акцискиот план.

ХОПС организираше неколку средби и јавни настани со локалната заедница се со цел да се обезбеди поголемо вклучување на локалната власт во обезбедувањето на финансиска поддршка за социјалните и здравствени услуги на локално ниво, било да е тоа од средства од фискалната децентрализација кој атреба да се случи во наредниот период, било да е тоа од нивните буџети, било да е преку заедничко палицирање на повици за грантови од различни донатори. Едниот настан беше организиран пред локалните избори со цел да се слушнат програмите на кандидтаите за градоначалници во врска со обезбедувањето одржливост на постоечките и отварање на нови програми. Другиот јавен настан беше организиран во рамки на проект поддржан од Глобален фонд, на кој беше презентирана анализата на стратешките докуемнти на локалната самоуправа на скопските општини и Скопскиот плански регион, беа поканети сите градоначалници и претседатели на општински совети, кои поради други обврски не можеа да дојдат на настанот, но пратија свои претставници кои зедоа активно учество во дискусијата и заклучоците кои произлегоа од овој настан. **Главен заклучок беше дека ќе се препорача на клучните доносители на одлуки во локалната заедница да се ревидираат стратешките документи и истите да се доуредат, така што ќе предвидат поддршка на социјални и зцдравствени услуги за маргинализирани заедници вклучително и луѓето кои употребуваат дроги. Целиот исход од овој настан беше позитивен, и очекуваме во текот на 2022 година да реализираме дел од тие заеднички заложби.**

**Д) Претставување на ХОПС на меѓународни настани и тела**

Ноември 2021 година претставници на ХОПС учествуваа на Европската конференција за намалување на штети која се одржа во Прага, Чешка. Учеството на оваа конференција придонесе за остварување на контакти за идна соработка.

Декември 2021 година претставничка на ХОПС учествуваше на обуката за професионалци кои работат со деца и млади во ранливи категории како дел од Еразмус+ програмите на ЕУ. Ова учество беше остварено во соработка со Коалиција СЕГА, чиј основач е и ХОПС, а придобивките се градење на капацитетите на ангажираните лица во ХОПС како и вмрежување за заедничко аплицирање на проекти во иднина со организации од ЕУ.

ХОПС е членка на повеќе национални и меѓународни тела и групи и во текот на 2020 учествувавме во работата на следниве:

Меѓународни тела и мрежи:

Civil Society forum for HIV , HCV and tuberculosis
DPNSEE – Drug Policy Network South East Europe
Correlation Network
SWAN –Sex Workers Rights' Advocacy Groups
IDPC – International Drug Policy Consortium

Национални тела и мрежи:

- Меѓуресорската комисија за ХИВ, каде Хајди Штерјова Симоновиќ како наш член ги застапува интересите на заедниците со кои работи ХОПС.
- Учество во работна група за за пишување на нова национална стратегија за дроги 2021-2025 и Акциски план 2021-2023.
- Учество во Работната група за подготовка на измени и дополнувања на законодавството за декриминализација, легализација и искористување на медицинските, социјалните, и економските придобвики од канабисот.
- Учество во работна група за измена и дополнување на законот за матична евиденција во врска со правно признавање на родот.
- Учество во работна група за подготовка на план за обезбедување на здравствени услуги на трансродови луѓе.
- Учество во работна група за подготовка на документи и измена и дополнување на постоечки закони и подзаконски акти за обезбедување на одржливо финансирање на програмите за превенција на ХИВ.
- Учество во работна група за подготвка на Сеопфатна програма за лекување, рехабилитација и ресоцијализација на малолетници кои употребуваат психоактивни супстанции. Поради целата политичка и општествена состојба, Програмата сеуште не е потпишана од надлежниот министер.
- Учество во работни групи за изготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од новиот закон за превенција и заштита од насилство врз жени, вклучувајќи го и семејното насилство.

## ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕПТАЈ ЗА 2021

### Приходи во 2021 година

Во структурата на вкупните приходи најголемо учество - остварени приходи во текот на 2021 година се од следниве донатори:

- Фондација отворено општество Македонија со учество во вкупниот приход во износ од 8.076.161,оо денари (30.43936%), што во споредба со остварените приходи од претходната година кои изнесуваат 14.629.221,00 денари претставува намалување за 44.79%.
- Министерство за здраство со учество во вкупниот приход во износ од 7.229.385,00 денари (27.24783%) од кои 1.639.619,00 денари е приход од претходна година која не беше исплатена во 2020 година , а остварен приход во 2020 година изнесува 4.274.607,00 денари.
- УНИЦЕФ со учество во вкупниот приход во износ од 5.155.346,00 денари (19.4307%), што во споредба со остварените приходи од претходната година кои изнесуваат 4.264.606,00 денари претставува зголемување за 17.28%.
- Град Скопје со учество во вкупниот приход во износ од 1.559.016,оо денари (5.875992%), што во споредба со остварените приходи од претходната година кои изнесуваат 2.100.00,00 денари претставува намалување за 25.76%.
- УНДП со учество во вкупниот приход во износ од 1.240.241,00 денари (4.674517%) што во споредба со остварените приходи од претходната година кои изнесуваат 384.000,00 денари што претставува зголемување за 69.04%.
- ЕХРА со учество во вкупниот приход во износ од 845.091,00 денари (3.185181%)
- Влада на РСМ со учество во вкупниот приход во износ од 599.548,00 денари (2.25792%), што во споредба со остварените приходи од претходната година кои изнесуваат 940.249,00 денари кои претставуваат намалување за 36.24%.

**Расходи во 2021 година**

**Вкупно остварени расходи во текот на 2021 година изнесуваат 26.889.229,00 денари што во споредба со остварените во 2020 година ( 30.349.173,00 денари) бележат намалување од 11.40%. Тоа во најголем дел се должи на намалениот приход остварен во текот на 2021 година.**

Во структурата на вкупните расходи во 2021 година најголемо учество имаат трошоците за *Авторски хонорари* кои изнесуваат 19.995.804,00 денари (74.36%), плати и надоместоци од плата кои изнесуваат 1.927.121,00 денари (7.17%), *Наемнина и комунални услуги* кои вкупно изнесуваат 1.201.418,00 денари (4.47% ) од кои за наем на канцеларии изнесуваат 1.116.478,00 денари и за наем на коференциски сали изнесуваат 84.940,00 денари, *Други услуги* (Одржување на деловни простории, Печатење,хостирање, регистрација на возила, телефон, интернет, поштарина, зоом, фејсбук,одржување на возила итн..) изнесуваат 1.013.642,00 денари (3.77%), *Потрошени материјали* (освежување работилници, обуки, канцелариски материјали, канцелариска опрема) изнесуваат 570.043,00 денари (2.12% ), Потрошена енергија ( струја, парно, бензин,вода) изнесуваат 333.811,00 денари (1.24%).

Листа на донатори, име на проект и период на реализација во 2021 година

| Бр. | Донатор | Одобрен буџет | Наслов на проект | Период на реализација (датум од-до) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Фондација Отворено Општество Македонија | 50.000,00 USD | Институционална поддршка 2021 | 01.03.2021-31.12.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Фондација Отворено Општество Македонија – ЕУ | 67.102,00 ЕУР | „Пристап до правда за најмаргинализираните“ | 08.01.2020-07.07.2021 |
| 3 | Министерство за здравство | 4.873.400,00 МКД | Превенција на ХИВ кај клучни популации - програми за лица кои инектираат дрога ( ЛИД ) во Скопје | 01.02.2021-31.12.2021 |
| 4 | Министерство за здравство | 1.553.680,00 МКД | Превенција на ХИВ кај клучни популации - програми за сексуални работници ( СР ) во Скопје | 01.02.2021-31.12.2021 |
| 5 | Заедно посилни | 239.941,00 УСД | Одржливост на сервиси и клучни популации во МКД | 01.04.2019-31.12.2021 |
| 6 | Фондација Отворено Општество Македонија | 20.000,00 УСД | „Заштита на социо-економските и работничките права и правно зајакнување на луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници во време на КОВИД-19 " | 01.07.2020-30.06.2021 |
| 7 | УНИЦЕФ | 2.723.100,00 МКД | „Креативни и едукативни активности за поддршка на деца во мали групни домови и поправни установи во период на самоизолација предизвикана од Ковид 19“ | 01.12.2020-31.05.2021 |
| 8 | Eurasian Harm Reduction Association -EXPA | 8.499,00 УСД | „ Пристап до сеопфатна грижа за жени кои користат дроги во случај на насилство “ | 01.01.2021-31.05.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Фондација Отворено Општество Македонија | 8.200,00 УСД | „Започнување на социо-економска активност во рамките на ХОПС-Опции за здрав живот Скопје | 01.01.2021-31.12.2021 |
| 10 | Eurasian Harm Reduction Association -ЕХРА | 4.500,00 УСД | HUMAN RIGHT VIOLETIONS OF PEOPLE WHO USE DRUG DURING COVID 19 | 15.03.2021-15.10.2021 |
| 11 | ЈУВЕНТАС | 8.880,00 ЕУР | Улогата на граѓанските организации од Западен Балкан во давање на социјални услуги и превенција на социјална ексклузија | 01.01.2021-31.10.2021 |
| 12 | UN WOMEN | 1.631.000,00 MKD | Different discourse better reality, media in combating gender based violence - strenghtening media literacy on GBV | 23.09.2020-23.06.2021 |
| 13 | Град Скопје | 800.000,00 МКД | Дневен центар за рехабилитација и ресоцијализација на корисниците на дрога и нивните семејства | 01.03.2021-30.10.2021 |
| 14 | Фондација Отворено Општество Македонија | 175.000,00 УСД | Институционална поддршка за ХОПС | 01.01.2020-30.06.2021 |
| 15 | Фондација Отворено Општество Македонија | 60.000,00 УСД | Унапредување на здравјето на луѓето кои употребуваат droги, преку обезбедување на континуирано финансирање на програмите за намалување на штети од националниот буџет | 01.12.2019-31.05.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16 | Eurasian Harm Reduction Association -EXPA | 3.444,00 USD | SG-Shelter | 15.10.2021-31.12.2021 |
| 17 | УНИЦЕФ | 1.386.000,00 MKD | Foster Care | 18.10.2021-28.02.2022 |
| 18 | Град Скопје | 800.000,00 МКД | Дневен центар за намалување на штети од злоупотреба на дроги | 01.06.2021-31.12.2021 |
| 19 | Општина Центар | 30.000,00 МКД | Дневен центар за рехабилитација и ресоцијализација на корисниците на дрога и нивните семејства | 01.05.2021-31.10.2021 |
| 20 | Цивика Мобилитас | 587.306,00 МКД | „*Интерсекциска дискриминација во Северна Македонија*“ | 01.05.2021-30.06.2022 |
| 21 | Фондација Отворено Општество Македонија | 140.000,00 УСД | Институционална поддршка 2021-2022 | 01.06.2021-31.07.2022 |
| 22 | Министерство за култура | 78.750,00 МКД | Резиденција | 01.04.2021-31.10.2021 |
| 23 | Влада на РСМ | 600.000,00 МКД | Унапредување на менталното здравје и заштита на здравствените и социо-економски права на маргинализираните заедници за време на пандемија | 01.08.2021-31.12.2021 |
| 24 | Град Скопје | 800.000,00 МКД | Дневен центар за рехабилитација и ресоцијализација на корисниците на дрога и нивните семејства | 25.05.2021-31.12.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25 | IDPC Consortium. | 3.000,00 УСД | Глобален индекс за политики за дроги | 20.10.2021-31.12.2021 |